Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 август 2022 година**

**Скопје, август 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Нацаковска и Ирена Арнаудовска – Малинкова, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Перпарим Бајрам, генерален директор на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со спроведувањето на постапките за избор на нови вршители на енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, со предлог-одлуки и Предлог-решение

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

5. Информација за коорганизација и преставување на Меѓународен саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан" и Самит на иницијативата „Отворен Балкан" во Белград, Србија од 1 до 4 септември 2022 година

6. Информација од Акционерското друштво за приредување на игри на среќа Државна лотарија на Северна Македонија за потребата од нов деловен простор по пат на долготраен закуп за непречено вршење на дејноста на Друштвото

7. Информација со сет на препораки и задолженија за намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија во Република Северна Македонија, за безбедна зима

8. Информација за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Костовски против Северна Македонија А.бр. 23773/17, со Предлог-одлука

9. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Тодоровски против Северна Македонија А.бр. 53112/18, со Предлог-одлука

10. Информација за состојбата за појавата и ширењето на африканската чума кај свињите, со Предлог-одлука и Предлог-решение за формирање на координативно тело за подобрување на институционална координација за преземање на мерки за справување

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со спроведувањето на постапките за избор на нови вршители на енергетска дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, со предлог – одлуки и Предлог – решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за формирање на комисија за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 2

1. Владата го отповика Бесник Браими од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" во државна сопственост, поради истек на мандатот.

1.1. Владата го избра Бесник Браими за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" во државна сопственост.

2. Владата го именува Владимир Кроневски за директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, досегашен вршител на должноста директор.

3. Владата ја разреши Јадранка Павловска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин" Битола, на нејзино барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

3.1. Владата го именува Стевче Павловски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин" Битола.

4. Владата ја разреши Розика Бојаџиева од должноста член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа.

4.1. Владата ја назначи Татјана Васева-Министерство за финансии за член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа.

5. Владата ја разреши Бесмира Ејупи од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, на нејзино барање.

6. Владата ја разреши Лолита Андоновска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје.

6.1. Владата ја именува Ивана Наков за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје.

7. Владата ја разреши Адриана Доко од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид, поради истек на мандатот.

8. Владата ја разреши Иванка Митевска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом -Кратово, на нејзино барање.

8.1. Владата ја именува Ивана Досевска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом –Кратово.

9. Владата го разреши Бејназ Арифи од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

9.1. Владата го именува Кадрије Азизи претставник од Државниот комунален инспекторат за член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

10. Владата го разреши Ристо Бонев од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, на негово барање.

10.1. Владата го именува Митко Бујуклиев за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.

11. Владата на Јулијана Силјановска, по престанок на функцијата член на Инспекцискиот совет од областа на надзорот на пазарот, работните односи и безбедност и здравје при работа, ѝ утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време подолго од една година од денот на престанување на функцијата, а најмногу уште шест месеци ако во тоа време стекнува право на пензија, сметано од 13 август 2022 година до 1 јануари 2024 година

12. Владата го разреши Александар Обединковски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско – емисиона томографија.

12.1. Владата ја именува Билјана Гагачовска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско – емисиона томографија.

13. Владата го разреши Стојанче Манев од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

13.1. Владата го именува Емил Николовски за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

14. Владата ја разреши Марија Тодороска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

14.1. Владата го именува Марјан Дамјановски за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

15. Владата заклучи да ѝ препорача на Агенцијата за управување со одземен имот да му предложи на Собранието на АД за промет на големо и мало со прехранбени и непрехранбени стоки, надворешно трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз-увоз Скопје, од должноста член на Надзорниот одбор на АД „СЛАВИЈА“ да го разреши Шпенд Таири, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

16. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија.

<u>**Точка 3**</u>

**1.** Владата заклучи 20 август 2022 година (сабота) да биде неработен ден за граѓаните на општините Маврово и Ростуша, Центар Жупа и Тетово, заради непречено спроведување на изборите за градоначалник на Општина Маврово и Ростуша, градоначалник на Општина Центар Жупа и членови на Советот на Општина Тетово и истиот нема да се одработува, имајќи го предвид Изборниот законик.

Согласно ова, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да издаде соопштение со кое ќе ги извести жителите на овие општини, дека 20 август 2022 година (сабота) е неработен ден.

**2.** Владата заклучи Заклучокот под реден број два, Точка 293 (Прашања и предлози) донесен на Шеесет и шестата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, кој гласи: „Се задолжува Министерството за здравство, согласно укажувањата од заклучокот бр.1 да подготви соодветно законско решение за член 164, став 2 од Законот за здравствена заштита и истото, најдоцна до 15.8.2022 година да го достави до Владата.“ да се измени и да гласи: „Се задолжува Министерството за здравство, согласно укажувањата од заклучокот бр.1 да подготви соодветно законско решение за член 164, став 2 од Законот за здравствена заштита и истото, најдоцна до 31.8.2022 година да го достави до Владата.

**3.** Владата по повод одбележувањето на Денот на Армијата, 18 август, заклучи Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија, на Церемонијата на положување венци на гробиштата Бутел, со почеток во 13:30 часот, да биде во состав:

- м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи.

4. Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со прилози, како материјал за информирање.

**5.** По повод укажувањето на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, а во врска со потребата од обезбедување деловен простор за потребите на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Владата заклучи:

- Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија да ги даде на користење без надомест на неопределено време деловните простории (околу 200 м2, дел од простор што не се користи), запишани во Имотен лист бр.27706 за КО Тетово, Општина Тетово на Јавната установа Национален парк Шар Планина.

**6.** Владата го разгледа Барањето на финансиска помош од АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и заклучи:

1) Го прифати Барањето на финансиска помош од АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2) Одобри финансиска помош на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ до 200.000.000 денари, со кој ќе се подобри ликвидноста и ќе се овозможи нормално функционирање на основната дејност на Друштвото, откако претходно состанок ќе одржат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, на кој ќе ја утврдат висината на финансиската помош, како и соодветен план за наредната година и реструктуирање на Акционерското друштво.

**7.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за здравство во врска со овозможувањето на работа на избраните лекари во кризни ковид амбуланти и притоа заклучи:
- Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ВЕДНАШ да преземе активности со цел овозможување на избраните лекари да го користат факсимилот во кризните ковид амбуланти во кои што истите ќе работат со својот тим на ротациска основа во регионалните здравствени домови, односно да издаваат рецепти, упати и извештаи на прегледаните пациенти, а воедно да ја стави во мирување обврската на избраните лекари за саботни дежурства во јавните здравствени установи-здравствени домови за периодот во кој кризните ковид амбуланти се во функција, а согласно Упатството за организација и начин на работа на кризните ковид амбуланти во рамки на здравствените домови, донесено од министерот за здравство бр. 17-5300/1 од 11 август 2022 година.

**8.** Владата заклучи Заклучокот по Точка 14 (Информација за потребата од склучување спогодби, согласно член 550 став 2 и 551 став 1 од Законот за кривичната постапка) донесен на Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2022 година да престане да важи, во делот Министерството за правда да склучува спогодби со оштетените лица утврдени во член 549 и 553, а согласно член 550 став 2 и 551 став 1 од Законот за кривичната постапка, согласно поставени критериуми од страна на судовите во износи на досудената нематеријална штета.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 28 јули 2022 година до 3 август 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со

кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 4 август 2022 година до 10 август 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за коорганизација и преставување на Меѓународен саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“ и Самит на иницијативата „Отворен Балкан“ во Белград, Србија од 1 до 4 септември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства/институции кои ќе учествуваат на Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“ и Самитот на иницијативата „Отворен Балкан“ во Белград, Србија, да платат подеднаков дел од вкупните трошоци за хотелско сместување за 40 претставници на медиумите од Република Северна Македонија кои ќе се акредитираат преку системот за акредитирање на прес-службата на Владата на Република Северна Македонија и ќе имаат можност да го проследат и да известуваат од Меѓународниот саем и од Самитот, во период од три ноќевања односно од 31 август до 3 септември 2022 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди транспорт (еден автобус) за медиумските претставници.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија во рок од два дена, да номинираат претставници кои активно ќе учествуваат во работните состаноци и во целокупниот процес за подготовка на преставувањето на Република Северна Македонија, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и со националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи и Секретаријатот за европски прашања.

4. Се задолжува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија да изготви детален план за штандот на кој ќе се претстави Република

Северна Македонија, во координација со националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции и националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи.

5. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Царинската управа да ги интензивираат активностите за финализирање и усогласување на меморандумите и договорите за соработка за поефикасно и поуспешно справување со снабдувањето со храна, соодветно, низ работни средби со своите колеги од Албанија и Србија и во координација со националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, а со цел истите да бидат потпишани од страна на лидерите за време на Самитот во Белград и текстот на договорот да го достават до Владата во рок од седум дена.

6. Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Владата на Република Северна Македонија, да подготви и реализира план за проактивно информирање на јавноста за сите аспекти од Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“ и Самитот на иницијативата „Отворен Балкан“ и да организира сеопфатна програма за медиумските претставници за време на нивниот престој во Белград, а во координација со националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи и Секретаријатот за европски прашања.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата од Акционерското друштво за приредување на игри на среќа Државна лотарија на Северна Македонија за потребата од нов деловен простор по пат на долготраен закуп за непречено вршење на дејноста на Друштвото, како материјал за информирање.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со сет на препораки и задолженија за намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија во Република Северна Македонија, за безбедна зима и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:
1. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена да ги извести домаќинствата и бизнис заедницата за препораките дадени во оваа информација и истите да ги објави на својата веб страница.
2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена да ги извести сите органи на државната управа, институциите кои немаат статус на орган на државната управа и правните лица основани од државата, за задолжението да остварат заштеди во потрошувачката на електрична енергија за 15% на месечно ниво започнувајќи од 1 септември 2022 година заклучно со 31 март 2023 година, споредено со истиот месец од претходната календарска година.
3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 30 август 2022 година да изготви список на сите органи на државната управа, институциите кои немаат статус на орган на државна управа и правните лица основани од државата со внесен број на корисник на електрична енергија според фактурите за потрошувачка на електрична енергија и истиот да го достави до Електродистрибуција ДООЕЛ.
4. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државната управа и правните лица основани од државата кои повеќе од 90 дена се снабдуваат со електрична енергија од снабдувачот со електрична енергија во краен случај, во рок од 60 дена од усвојувањето на Информацијата да извршат избор на снабдувач со електрична енергија на отворениот пазар.

5. Се препорачува на Електродистрибуција ДООЕЛ, почнувајќи од септември 2022 година, најдоцна до 15 во тековниот месец, за претходниот месец, на месечно ниво, заклучно со 31 март 2023 година, до Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија да доставува извештај за потрошувачката на електрична енергија изразена во kWh и споредено со истиот месец во претходната календарска година.
6. Се препорачува на Заедница на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија во рок од седум дена од усвојувањето на Информацијата да ги извести општините и Градот Скопје и јавните претпријатија основани од општините и градот Скопје за препораките дадени во оваа информација.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Костовски против Северна Македонија А.бр. 23773/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.
Финансиските средства во вкупен износ од 4.450 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права за предметот Костовски против Република Северна Македонија А.бр.23773/17, најдоцна до 25 август 2022 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Тодоровски против Северна Македонија А.бр. 53112/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата за појавата и ширењето на африканската чума кај свињите, со Предлог-одлука и Предлог-решение за формирање на координативно тело за подобрување на институционална координација за преземање на мерки за справување и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за состојбата за појавата и ширењето на африканската чума кај свињите со Предлог-одлука и Предлог-решение за формирање на координативно тело за подобрување на институционална координација за преземање на мерки за справување.

2. Ја донесе Одлуката за формирање на координативно тело за подобрување на институционална координација за преземање на мерки за справување со африканската чума кај свињите, со заклучок Одлуката да се дополни со заменици на претседателот и заменици на членовите на Координативното тело.

3. Го донесе Решението за формирање на координативно тело за подобрување на институционална координација за преземање на мерки за справување со африканската чума кај свињите, со заклучок Решението да се дополни со заменици на претседателот и заменици на членовите на Координативното тело.

4. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, а и препорачува на Заедниците на

единици за локална самоуправа согласно своите надлежности да ги спроведуваат сите мерки за справување со  африканската чума кај свињите.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**